INSTITUTE OF SOCIAL SCIENCES
AND HUMANITIES
SKOPJE

# БИЛТЕН

*Институт за општествени и хуманистички науки - Скопје*

*Број 53 / 2020*

ИНСТИТУТ ЗА ОПШТЕСТВЕНИ И ХУМАНИСТИЧКИ НАУКИ - СКОПЈЕ
ул. 20 октомври бр.8/2 кат, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
тел. +389 (0)2 3113 059 ; е-маил: info@isshs.edu.mk
www.isshs.edu.mk

## СОДРЖИНА

- ЗАПИСНИК од пеесет и втората седницата на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

- РЕФЕРАТ за избор на асистент истражувач во Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

**ЗАПИСНИК**

**од пеесет и втората седницата на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје**

На 1ви февруари 2021 се одржа пеесет и третата седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје во состав: проф. д-р Дона Колар Панова, проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Калина Лечевска, проф. д-р Викторија Боровска, проф. Д-р Бранимир Јовановиќ, доц. д-р Ана Блажева, доц.др. Искра Геразова Мујчин, доц. д-р Ристо Карајков, доц. д-р. Здравко Савески, Асс. Мариглен Демири

ДНЕВЕН РЕД на пеесет и третата седница на Научно-наставниот совет,

**НАУЧНО-НАСТАВЕН СОВЕТ**

**1 февруари, 2020**

Дневен ред на 53 седница на Советот:

**1. Усвојување на нацрт Записникот од 52-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје;**

**2. Одлука за избор во звање на м-р Љупчо Петковски во стручно зсвање, асистент соработник;**

**3. Барање за продолжување на студиите на студентката Христина Сибиновска запишана во академската 2016 година, на студиската програма студии на политиките (двегодишни);**

**4. Одлука за закажување на јавна одбрана на магистерски труд на кандидатката Билјана Жеревска, со наслов: ІПредизвиците за образованието во РСМ за време на КОВИД-19 пандемијата: премостување на дигиталениот јаз и потребата за информатичка и дигитална писменост како приоритети на образовниот систем.“**

**5. Определување на ментор и прифаќање на магистерски труд на тема *Заробена економија: Економските политики како заборавен дел на македонската приказна за заробената држава*, на студентот Ѓорѓи Пулевски;**

**6. Разно.**

**Записник од 53-та седница на Советот:**

1. **Усвојување на нацрт Записникот од 52-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје;** Советот едногласно со усвои нацрт Записникот од 52-та седница на Научно-наставниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки - Скопје

**2. Одлука за избор во звање на м-р Љупчо Петковски во стручно зсвање, асистент соработник;** Советот донесе одлука за избор во звање на м-р Љупчо Петковски во стручно звање, асистент соработник.

**3. Барање за продолжување на студиите на студентката Христина Сибиновска запишана во академската 2016 година, на студиската програма студии на политиките (двегодишни);** Советот донесе одлука за продолжување на студиите на студентката Христина Сибиновска, запишана на студиска програма академската 2016 Студии на политиките (двегодишни),, во траење од уште една година;

**4. Одлука за закажување на јавна одбрана на магистерски труд на кандидатката Билјана Жеревска, со наслов: ІПредизвиците за образованието во РСМ за време на КОВИД-19 пандемијата: премостување на дигиталениот јаз и потребата за информатичка и дигитална писменост како приоритети на образовниот систем.“** Советот донесе одлука за закажување на јавна одбрана на магистерски труд на кандидатката Билјана Жеревска, со наслов: ІПредизвиците за образованието во РСМ за време на КОВИД-19 пандемијата: премостување на дигиталениот јаз и потребата за информатичка и дигитална писменост како приоритети на образовниот систем“ на 18ти февруари 2021, во 12:30 часот.

**5. Определување на ментор и прифаќање на магистерски труд на тема *Заробена економија: Економските политики како заборавен дел на македонската приказна за заробената држава*, на студентот Ѓорѓи Пулевски;** по барање на кандидатот, Советот го определи проф. д-р Бранимир Јовановиќ за ментор на магистерски труд на тема *Заробена економија: Економските политики како заборавен дел на македонската приказна за заробената држава*, на студентот Ѓорѓи Пулевски.

**6. Разно.** За оваа точка немаше дискусија.

Записничар,
Д-р Викторија Боровска
01.02.2021, во Скопје

Институт за општествени и хуманистички науки • СКОПЈЕ

Институт за општествени и хуманистички науки
Бр. 2/2021
14.10.2021 год.
Скопје

**РЕФЕРАТ**

**За избор на асистент истражувач во Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје**

Со одлука на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, на својата редовна седница на Научниот совет одржана на 26.11.2020 година, именувани сме за членови на Рецензентската комисија за избор на еден асистент.

Кон пријавата се приложени потребните материјали, документи и податоци: биографија и библиографија на кандидатот, со објавени трудови и примероци од објавените трудови кои го сочинуваат опусот на научно-истражувачката и наставната дејност на кандидатот.

Врз основа на поднесените материјали, Рецензентската комисија ги презентира следниве мислења и заклучоци:

1. Биографски податоци на м-р Љупчо Петковски;
2. Преглед и оценка на научно-истражувачката и наставната дејност;
3. Оцена за исполнетоста на условите за реизбор во звањето асистент истражувач во областа на општествените и хуманистички науки.

Комисијата во состав: доц. д-р Здравко Савески, проф. д-р Катерина Колозова, проф. д-р Викторија Боровска, по прегледот на доставените материјали, го поднесува на усвојување следниов

**ИЗВЕШТАЈ**

## I. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

М-р Љупчо Петковски е роден на 24.09.1984 год. во Скопје.

Во 2009 година дипломирал на Факултетот за општествени науки при Универзитетот во Љубљана (BSc во Политологија и Меѓународни односи), и за својата дипломска работа на тема „Спорот за името меѓу Македонија и Грција – идентитетски спор на натпреварувачки национални нарации“ (словенечки: Spor o imenu med Makedonijo in Grcijo – identitetni spopad tekmovalnih nacionalnih naracij) добил факултетска Прешернова награда за најдобра дипломска работа во својата генерација. Во 2013 година магистрира на Правниот факултет при Универзитетот „Кирил и Методиј“ во Скопје, со што се стекнал со назив магистер по политикологија, успешно бранејќи го

трудот под наслов "Populism – Social Pathology or Radical Democracy" (мк. „Популизам – општествена патологија или радикална демократија?"). Во 2015 година добива едногодишна стипендија од британската влада за постдипломски студии во Обединетото Кралство, каде што во 2016 година магистрира на програмата Анализа на идеологија и дискурс (Ideology and Discourse Analysis, with Distinction). За својата магистерска теза, која се насочува на изучување на улогата што општествените чувства, како ressentiment, ја играат во идеологијата на груевизмот, Петковски ја добил Наградата „Ернесто Лаклау" за најдобар постдипломски студент (Ernesto Laclau Prize for best Political Theory Postgraduate Student).

Минатата деценија Петковски бил ангажиран во граѓанскиот/невладиниот сектор, каде што од 2011 година до крајот на 2019 година работел во тинк-тенкот Евротинк – Центар за европски стратегии (поранешен Македонски центар за европско образование), при што од 2017 до 2019 година бил и раководител (Извршен директор). Моментално како фриленсер е ангажиран на повеќе проекти за анализи на политики и научни истражувања, а е и сопственик на технолошка стартап компанија која се занимава со развој на софтверски решенија за светскиот пазар. Во изминатата деценија, учествувал на преку 100 тинк-тенк и академски конференции во државите членки на ЕУ и во регионот. Од 2016 година е член на управувачки одбор на COST акција за проучување на теориите на заговор (COMPACT). Има објавено преку 50 трудови, вклучувајќи колумни во влијателни светски весници, поглавја во книги и две peer-reviewed статии во академски списанија. Често е извор на информации и коментари за локалните и меѓународните медиуми. Петковски е познавач и изучувач на идеологии и формирање на политички идентитети, вклучувајќи ги популизмот, национализмот и авторитаризмот и има пасија за апликација на философски и психоаналитички концепти во политичка анализа.

## II. НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА И НАСТАВНО-НАУЧНА ДЕЈНОСТ

### 1. Објавени трудови

**Објавени книги и публикации (поглавја):**

- Petkovski, Ljupcho and Dimitar Nikolovski. 2019. Macedonia: Illiberal Democracy or Outright Authoritarianism?. In Illiberal and authoritarian tendencies in Central, Southeastern and Eastern Europe, ed. Florian Bieber, Magdalena Solska and Dane Taleski. Bern: Peter Lang.

**Објавени академски статии (peer-reviewed)**

- Petkovski, Ljupcho. 2016. Authoritarian Populism and Hegemony: Constructing 'the People' in Macedonia's illiberal discourse. Contemporary Southeastern Europe 3(2): 44-66.

- Petkovski, Ljupcho and Dimitar Nikolovski. 2016. Populism and Progressive Social Movements in Macedonia: From Rhetorical Trap to Discursive Asset. Czech Journal of Political Sciences 23(2): 164-81.

**Објавени трудови (policy):**

• Armakolas, Ioannis, Petkovski Ljupcho and Voudouri Alexandra. 2020. The Prespa Agreement one year after ratification: from enthusiasm to uncertainty? EuroThink: Skopje.

• Petkovski, Ljupcho & Goran Lazarov. 2019. Expectations from the European Council in October 2019 – Is October 2019 the New April 2008?. Skopje: EuroThink.

• Petkovski, Ljupcho, Natasha Jovanova Voigt and Aleksandar Kolekeski. 2019. Analysis of the Macedonian Participation in Erasmus+ - Potentials and Limitations. Skopje: EuroThink

• Armakolas, Ioannis and Ljupcho Petkovski. 2019. Blueprint Prespa? Lessons learned from the Greece-North Macedonia agreement. Friedrich Ebert Stiftung: Berlin.

• Kurt Bassuener, Ljupcho Petkovski and Toby Vogel. 2019. A Decade On: More Reasons why the EU should Start Accession Negotiations with North Macedonia in 2019. Skopje and Berlin: EuroThink and Democratization Policy Council.

• Stepanovski, M., and Petkovski, Lj. Comparative Study of the Situation and Needs of Civil Society Organizations for Utilization of IPA Funds at Local Level. Local Consultative Mechanism for IPA2, March 2018.

• Stepanovski, M., and Petkovski, Lj. Analytical reports: Local level capacities to absorb and programme IPA Funds (Independent Case studies for the: City of Skopje, Municipality of Bitola, Municipality of Strumica, and Municipality of Tetovo). Local Consultative Mechanism for IPA2, March 2018

• Petkovski, Ljupcho. 2017. Challenges Citizens Face while using the services of the Public Administration. Skopje: UNFPA/MPPA/MISARM.

• Bassuener, Kurt and Ljupcho Petkovski. 2017. Macedonia Had an Electoral Sea Change Now for the Hard Part. Democratization Policy Council, Berlin.

• Bassuener, Kurt and Ljupcho Petkovski. 2017. The Challenge of Building 'One Society' Beckons for PM Zaev. Democratization Policy Council, Berlin.

• Petkovski, Ljupcho. 2017. Political Crisis, Protests and Citizens' Perception about EU's Role in Macedonia in Figures: Survey Report Eurometer 2014-2016. Skopje: Eurothink

• Petkovski, Ljupcho. 2014. The Census is about Democracy, not only about Ethnic Numbers. Skopje: NGO Infocentre.

• Marichikj, Bojan and Ljupcho Petkovski. 2014. The Political Culture, Europeanization and Fears in Macedonia: 2014 Report from the Survey Research "Eurometer". Skopje: MCET

• Petkovski at all. 2014. Refashioning: Macedonia's New European Story. Skopje: MCET

• Petkovski, Ljupcho. 2014. Analysis of the Prime Minister's Speeches: Who are Gruevski's People. Skopje. NVO Infocentar.

• Natasha Jovanova and Ljupcho Petkovski. 2012. Detour – Europe via Community Programs: Research on the Community Programs in Macedonia. MCET: Skopje.

## III. ОЦЕНА ЗА ИСПОЛНЕТОСТА НА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

По прегледувањето на опусот на научно-истражувачката дејност и наставната дејност и по усогласувањето на поединечните мислења, констатирано е дека во текот на неговиот академски ангажман м-р Љупчо Петковски реализирал соодветен опус на истражувања, особено од областа на политичката филозофија, со посебен фокус на идеологиите како ги популизмот, национализмот и авторитаризмот и формирањето на политички идентитети.

Во своите истражувања и искуството во работата на граѓанскиот сектор тој покажува научен интерес и капацитет за продлабочување на теориските и емпириските концепти поврзани со интердисциплинарните области од полето на општествените и хуманистички науки.

**Заклучок:**

Од приложената документација може да се констатира дека: М-р Љупчо Петковски има искуство во подготовка и реализација на научно-истражувачки проекти: организација и реализација на емпириски истражувања, анализа на податоци и пишување на научни студии. Тој е автор на трудови, студии, истражувања и анализи, кои покажуваат сериозно владеење на методологијата во општествените истражувања и истражувачката работа.

Темите кои ги опфаќа во својата научно-истражувачка работа, како и магистерскиот труд покажуваат дека има значаен удел за општествените и хуманистичките дисциплини во Македонија. Неговиот истражувачки ангажман покажува сериозна иницијативност и желба да даде придонес во развојот на соодветните научни области.

Откако внимателно ја разгледа приложената документација, комисијата заклучи дека М-р Љупчо Петковски ги исполнува условите предвидени со Законот за научно-истражувачка дејност на Република Северна Македонија, за избор во научно звање асистент истражувач во областа на општествените и хуманистички науки.

**Предлог:**

Запознавајќи се со научните активности на м-р Љупчо Петковски, можеме да заклучиме дека тој постигнал значајни резултати кои имат влијание на развојот на науката и практиката во Република Северна Македонија. Имајќи го предвид сето ова, ни претставува чест и задоволство да му

предложиме на Научниот совет на Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје, м-р Љупчо Петковски да се избере во звањето асистент истражувач при Институтот за општествени и хуманистички науки – Скопје.

**Рецензентска комисија:**

Д-р Здравко Савески, доцент,
Институт за општествни и хуманистички науки – Скопје, претседател

Д-р Катерина Колозова, редовен професор,
Институт за општествни и хуманистички науки – Скопје, членка

Д-р Викторија Боровска, вонреден професор
Институт за општестевни и хуманистички науки – Скопје, членка